Република Северна Македонија
**Министерство за образование и наука**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Arsimit dhe Shkencës**

Педагошка служба

**Shërbimi Pedagogjik**

**Бр.26-49/** 33
**Датум:26.01.2026 година**

Врз основа на член 14 став (1) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.3/25 и 74/25), а согласно Конкурсот за учебници во основно образование бр. 26-1056/1 од 23.09.2025 година, објавен од страна на Педагошката служба на интернет страницата на Министерството за образование и наука, на ден 09.10.2025 година, директорот на Педагошката служба, донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

***за формирање на Комисија за шифрирање и проверка на пристигнатата документација по Конкурсот за учебници во основно образование бр.26-1056/1 од 23.09.2025***

1. **СЕ ФОРМИРА** Комисија за шифрирање и проверка на пристигнатата документација по Конкурсот за учебници во основното образование бр. 26-1056/1 од 23.09.2025 година (во натамошниот текст: Комисијата за шифрирање и проверка), во состав:

- **Хикмете Селмани -претседател;**
- **Андреа Јанковски–член;**
- **Виолета Костовска–член и**
- **Бесим Алија – член.**

2. **СЕ ЗАДОЛЖУВА** Комисијата за шифрирање и проверка од точка 1 на ова Решение, преку Педагошка служба, во рок од три дена од денот на проверката и шифрирањето на пристигнатата документација, шифрираните ракописите за учебници да ги достави до рецензентската комисија за ракопис на учебник, формирана од Националната комисија и до Бирото за развој на образованието (во натамошниот текст: Бирото).

3. Доколку на Конкурсот е доставен само еден ракопис за учебник, а Бирото има забелешки на ракописот за учебник пред доставување на стручното мислење,

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** Комисијата за шифрирање и проверка, да постапи согласно член 14 став (5) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.3/25 и 74/25).

4. Доколку на Конкурсот е доставен само еден ракопис за учебник, а рецензентската комисија за ракопис на учебник има забелешки пред доставување на стручното мислење, **СЕ ЗАДОЛЖУВА** Комисијата за шифрирање и проверка, да постапи согласно член 14 став (7) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.3/25 и 74/25).

5. Решението влегува во сила со денот на неговото донесување.

**ДИРЕКТОР,**
**м-р Роберт Аќипетров**

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА-MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Педагошка Служба - Shërbimi Pedagogjik
Скопје - Shkup

Доставено до:
- Претседател/членови
- Писарница на Министерството